Врз основа на член 101 од Уставот на Република Македонија и член 91 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија број 58/2006 и 35/2008), Врховниот суд на Република Македонија на седницата на Одделот за граѓански дела одржана на ден 09.07.2018 година утврди:

# П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

На припадниците на судската полиција која е дел од судската служба, правата и обврските, а со тоа и надоместоците на плата за посебни услови, работа во смени – турнуси, работа ноќе, прекувремена работа, работа за време на празници, треба да се утврдуваат и исплатуваат согласно Законот за судска служба како lex specialis.

## О б р а з л о ж е н и е

Врховниот суд на Република Македонија, постапувајќи по иницијативата за утврдување на правно мислење по прашањето дали во работен спор за додатоците на плата на судската полиција треба да се определува согласно Општиот колективен договор и Договорот за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за Јавен сектор на Република Македонија или согласно одредбите од Законот за судска служба, во ситуација кога за време на важењето на Колективниот договор во сила е и Законот за судска служба со кој во целост се уредува начинот на платите и додатоците на судските службеници.

Според член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредува со Закон и со Колективни договори. Според член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со Законот. Според став 2 од овој член секој е должен да го почитува Уставот и Законот.

Според член 110 алинеа 1 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на Законите со Уставот, а според алинеа 2 од истиот член, Уставниот суд одлучува за согласноста на другите прописи и на Колкетивните договори со Уставот и со Законите.

Во член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ број 62/2005... и број 72/2015), пропишано е дека Колективен договор се склучува како општ на ниво на република, посебен на ниво на гранка и поединечен на ниво на работодавач. Според член 204 од Законот за работни односи, на ниво на Република Македонија се склучува Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и Општ колективен договор за јавниот сектор.

Статусот, правата, должностите, одговорностите на судската служба, системот на плати и надоместоци на плати на судската служба, како и управувањето со судските предмети е уреден со Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ број 98/2008, 161/2008, 6/2009, 150/2010, 43/2014). Според член 2 од наведениот закон, судската служба ја сочинуваат: судските службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судска полиција. Во член 3 од истиот закон е наведено дека судската полиција е служба која го обезбедува објектот на судот, имотот и лицата и го одржува редот во судскиот простор. Судската полиција правата ги остварува согласно одредбите на овој закон, Законот за судовите, Колективните договори и другите прописи што ги уредуваат правата од работен однос.

Согласно член 12 став 2 од Законот за работните односи, со договорот за вработување, односно со Колективен договор не можат да се предвидат помали права од правата утврдени со закон, а ако се одржат такви одредби се сметаат за ништовни и се применуваат соодветните одредби од законот. Во став 3 од истиот член е предвидено дека со договорот за вработување односно со Колективен договор може да се одредат правата кои за работниците се поповолни отколку што ги определува овој закон. Во став 4 од истиот член регулирано е дека правата од работен однос утврдени со Уставот, Законот и Колективниот договор не може да се одземат или ограничат со акти и дејствија на работодавачот.

Согласно член 85-б од Законот за судската служба („Службен весник на РМ“ број 98/2008 и сите напред наведени измени), припадник на судска полиција има права на додаток на платата за посебни услови за работа, и тоа за ноќна работа, работа во смени, односно турнуси, работа изложена на висок ризик, работа за време на неделен одмор и работа за време на празници утврдени со закон.

Според одредбата од член 85-г од Законот за судската служба, припадник на судска полиција кој е распореден да работи во смени односно турнуси има право на додаток од 5 % од износот на основната плата и додатокот на платата за звање пресметана по час.

Согласно член 85-д од Законот за судската служба, припадник на судката полиција кој бил ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови, односно денови колку што бил ангажиран за време на неделен одмор и има право на додаток во

износ од 5 % од износот на основната плата и додатокот на платата за звање пресметана по час.

Согласно член 85-ѓ од Законот за судската служба, припадник на судска полиција да работи во денови на празници утврдени со закон има право на додаток на плата за поминати часови на работи во износ од 50 % од износот на основната плата и додатокот од плата по звање.

По член 94 од истиот закон, за се што не е регулирано со одредбите на овој закон, важат одредбите од Законот за државните службеници и Законот за работните односи.

Согласно член 127 од Законот за судската служба („Службен весник на РМ“ број 43/14), платата на командирот на судската полиција, на координаторот на судската полиција, на заменикот командир на судската полиција и на припадниците на судската полиција се состои од две компоненти и тоа : основна компонента и исклучителна компонента.

Одредбата од член 129 став 1 од истиот закон, утврдува дека исклучителната компонента ја сочинуваат: додаток за плата за посебни услови за работа, а согласно став 2 од истиот член, додатокот на платата за посебни услови на работа претставува: ноќна работа, работа во смени, односно турнуси, работа изложена на висок ризик, работа за време на неделен одмор и работа за време на празници утврдени со закон.

Согласно член 131 од истиот закон, припадник на судска полиција кој е распореден да работи во смени, односно во турнуси има право на додаток од 5 % од износот на основната плата и додатокот на плата за звање пресметана по час.

Согласно член 132 од истиот закон, припадник на судската полиција кој бил ангажиран да работи за време на неделн одмор има право на онолку слободни часови, односно денови колку што бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток во износ од 5 % од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, пресметана по час.

Согласно член 133 од истиот закон, припадник на судската полиција за работа во денови на празници утврдени со закон, има право на додаток на плата за поминати часови на работа во износ од 50 % од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

Од цитираните Уставни и Законски одредби произлегува дека правата и положбата на вработените се уредуваат со закон и колективни договори, дека со колективните договори се доуредуваат правата и обврските на работниците и работодавецот и дека тие мора да бидат во согласност со Уставот и Законот. Според тоа доколку за време на важење на колективен договор се донесе Закон со кој се ограничуваат

права од Колективен договор се применува законот како повисок правен акт од колективниот договор во правниот поредок на државата.

Имајќи го во предвид напред изложеното, а особено фактот дека согласно амандманот на Уставот XXV каде е предвидено дека судовите судат врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, дека местото и функцијата на колективните договори е уставно право, утврдено во правниот поредок на државата, а Уставот не може непосредно да се примени, бидејќи освен правата што се гарантирани со Уставот, што во конкретниот случај не се однесува на нив, другите права согласно член 32 став 5 од Уставот оставено е да се уредат со закон и колективни договори, Врховниот суд на Република Македонија на седница на Одделот за граѓански дела го донесе правното мислење заради единствена примена на законите од страна на судот.

ВРХОВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА